РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-164/6
30.09 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 173, 175 и 176 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.С.М бр. 82/18), врз основа на член 151 од Статутот на Бизнис Академија Смилевски – БАС, (Ноември 2018 година) и врз основа на член 8 од Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС, на 229 седница на Наставнички совет на БАС, одржана на 30.08.2023 година, Наставничкиот совет ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор на наставник во наставно звање

**Член 1**

Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, м-р Билјана Галовска, од Битола да се избере во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Организациско однесување и комуницирање.

**Член 2**

Изборот во звање е за период од **5 години.**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила по завршување на предходниот избор, односно од 17.10.2023 година.

*Образложение*

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за настравната област Организациско однесување и комуницирање, кој го објави во дневниот весник „ Нова Македонија“ на ден 04.04.2023 година.
На конкурсот се пријави кандидатот м-р Билјана Галовска.

Наставничкиот совет на БАС на својата редовна 225 седница на Наставнички совет на БАС одржана на 20.04.2023 година формираше рецензиона комисија за изготвување на реферат

и оценка за избор на наставник во наставно звање со постојан работен однос за наставната област Оперативен менаџмент, со одлука бр. 0205-106/12 од 20.04.2023 година, во состав:, Проф. д-р Гордана Тасевска, проф. д-р на Бизнис академија Смилевски - БАС, Скопје, Проф. д-р Добри Петровски, проф. д-р на Педагошки факултет – Битола, Проф. д-р Габриела Крстевска, вон. проф. д-р на Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Организациско однесување и комуницирање, кој беше објавен на интернет страната на БАС на ден 30.06.2023 година, под дел. бр. 0401-139/1 од 30.06.2023 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, м-р Билјана Галовска да ја избере во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Организациско однесување и комуницирање.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на редовната 229-та седница одржана на 30.08.2023 година едногласно ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**